**ЗАПИСНИК**
**од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 03.01.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини и д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, Димитар Тануров.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:35 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот Дневен ред објасни дека под Точка Разно ќе се предложи за разгледување нов материјал кој членовите на Советот го добиле во печатена форма бидејќи час-два пред седницата службата го подготвувала материјалот. Станува збор за Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТВ Сител 2, регионална телевизија на подрачјето на општина Кратово и веројатно од финансиски причини сопствениците се откажуваат од телевизијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 48-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2019 година.
2. Предлог-одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово.
3. Предлог-одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово.
4. Предлог-одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Дебар.

5. Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД КИСС Злате ДООЕЛ Тетово.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на ИКТ опрема за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот записник од 48-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2019 година.

Г-дин Фиданоски предложи две корекции и тоа: на страна 7 од записникот, во последниот ред од пасусот на неговата дискусија зборот „одвој" да се избрише и да се замени со зборот „овој" и во продолжение неговото презиме да се коригира односно наместо „Фидановски" да стои „Фиданоски".

Советот на Агенцијата со вградени корекции од г-дин Фиданоски едногласно со 7 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 48-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2019 година со текст како што беше предложен.

**Образложение за Точки 2, 3 и 4**

Г-дин Трајчевски рече дека би сакал да даде едно воведно образложение за трите Предлог-одлуки за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола (Точки 2, 3 и 4 од Дневниот ред), додека гласањето да биде поединечно за секоја предложена одлука.

Г-дин Петрушевски се согласи директорот да даде еден заеднички вовед за трите предложени јавни конкурси.

Г-дин Трајчевски во врска со Точка 2 објасни дека е поднесено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово. Во таа насока се изработи Студија која покажа дека има можност за доделување на дозвола. Доколку Советот прифати, ќе се распише конкурс, но дали заинтересираната страна која го поднесе Барањето ќе се пријави и колку други заинтересирани страни ќе се пријават ќе покаже конкурсот со предвидено времетраење од 90 дена. Во врска со Точка 3 објасни дека Предлог-одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово произлегува од Меморандумот за соработка кој Агенцијата го има потпишано со Универзитетот од Тетово во декември 2013 година. Посочи дека очекувал многу порано да биде поднесено вакво барање, но рече дека никогаш не е доцна бидејќи 6 години подоцна се поднесе барање за непрофитно радио. Изработена е Студија која укажа дека има потреба за непрофитно радио на албански и македонски јазик. Се работи за малку поспецифична состојбата и се надева дека единствена заинтересирана страна ќе биде токму подносителот на барањето Универзитетот од Тетово. Исто и за овој конкурс рокот за поднесување на документи е 90 дена. Последниот предложен конкурс,

Точка 4 од Дневниот ред се однесува на повторен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Дебар. Потсети дека овој конкурс беше веќе еднаш објавен со рок за поднесување на документи од 90 дена. Претходно имаше заинтересирана страна која поднесе Барање за распишување на овој конкурс и притоа ја подигнал и тендерската документација. Но поради земјотресот кој ја погоди Република Албанија не успеал да аплицира односно да поднесе документација. По истекот на рокот од 90 дена истата заинтересирана страна повторно поднесе барање за добивање на дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Дебар. Бидејќи се предлага конкурсот повторно да се објави, овој пат рокот за поднесување документација е 60 дена.

Г-дин Петрушевски отвори дискусија и можност за поставување прашања за секоја точка посебно.

**Точка 2**

Г-дин Ајдини рече дека е добро што почетокот на годината се започна со објавување на јавни конкурси за доделување на дозволи за радио емитување а не спротивното односно одземање на дозволи. За Предлог-одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, рече дека подносителот на барањето лично го познава, неколку пати имал средба со него и оствариле телефонска комуникација. Според него е добро што има слободна фреквенција и што изработената Студија покажала оправданост. Овие информации барателот за објавување на јавниот конкурс не ги поседувал меѓутоа во разговор со него го упатил во Секторот за стратешко планирање и авторски права каде што најверојатно бил подетално информиран. Добро е што поднел барање и познавајќи го господинот доколку ја добие дозволата за радио емитување смета дека ќе направи добро радио кое на програмата ќе емитува претежно народна музика.

Г-дин Фиданоски рече дека исто така го поздравува почетокот на новата година за што Советот дебатира, доделување на три потенцијални дозволи за радио емитување. Според него ова покажува дека радиото како најстар електронски медиум е се`уште живо и има потреба од него. Во врска со барањето за локално радио на подрачјето на општина Куманово кое ќе има програмски концепт за кој 4/5 од просторот ќе биде доделен за народна музика рече дека исто така и него го радува. Бидејќи во раната младост живеел во поранешната држава, Социјалистичка Република Македонија, во тоа време Радио Куманово било најпопуларно по народните песни и слушателите упатувале поздрави и честитки преку Радио Куманово со посебни песни. Го радува фактот што сепак некој изразил желба токму со ваков програмски концепт да отвори радио и со задоволство ќе го поддржи предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на македонски јазик, на програмски сервис музичко-говорно радио од специјализиран формат за народна музика, кај кое над 50% од вкупната емитувана музика ќе биде на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 87.5 MHz.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на

веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Г-дин Фетаи на почетокот од неговата дискусија упати честитки за Новата 2020 година. Посочи дека оваа седница е прва во новата година и се надева дека ќе биде успешна и за Агенцијата и за членовите на Советот кои ќе ги завршуваат нивните законски обврски. Рече дека ќе се надоврзе на дискусијата од директорот. Објасни дека со Универзитетот од Тетово Агенцијата има потпишано Меморандум за соработка и таа соработка се одвива, не можеби во тој обем како што би требало, да биде поактивна но Агенцијата сепак се докажала дека е отворена спрема барањата на Универзитетот од Тетово. Како пример наведе дека во неколку наврати имаше посети на студентите по новинарство и медиуми од универзитетот, а директорот на Агенцијата многу елегантно ги дочекал во секој аспект како добар домаќин и исто така и раководителите на Секторите. Во таа смисла рече дека го даваат нивниот придонес во таа насока, и така ќе продолжат и во иднина. Во врска со предлогот и инцијативата за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, рече дека таа потреба веќе долго време тие ја имале искажано. Во нашата држава непрофитни радија веќе има две-три кои го збогатуваат медиумскиот простор. Ова е едно специфично радио наменето за посебна целна публика и намена што ЗААВМУ го дозволува. Добро е што во можен најкус рок се започна процедурата од кога фактички тие се одлучиле да ја покренат иницијативата за радиото и објасни дека и тој исто така им помогнал во намерата бидејќи предава на катедрата по студии за новинарство. Се надева дека ќе успеат во комплетната процедура која е предвидена и посочи дека и понатаму им стојат на располагање доколку им биде потребно. Го поздравува предлогот, го поддржува и смета дека е добар чекор да им се даде шанса на професорите и студентите да ја афирмираат нивната работа и за идните генерации а со тоа ќе добијат и практична обука. Не знае како ќе се реши дали ќе биде посебен субјект или ќе биде во склоп на универзитетот во поглед на вработените бидејќи има доволно соодветен кадар кој може да раководи со радиото. Ќе се види што Законот налага во таа смисла. Повторно најави дека го поздравува и го подржува конкурсот.

Г-дин Трајчевски процедурално рече, бидејќи заменикот на Советот на АААВМУ г-дин Фетаи е вработен во државниот Универзитет во Тетово, замоли да се иземе од гласање заради судир на интереси за да не биде доведена во прашање самата постапка и во иднина доделувањето на дозволата.

Г-дин Фетаи рече дека се согласува со директорот бидејќи е во право. Смета дека неговото иземање од гласањето нема да ја оштети одлуката бидејќи веќе има кворум. Нема да биде ниту „за", ниту „против" ниту "воздржан" бидејќи воопшто нема да гласа.

Г-дин Фиданоски рече дека е убеден дека гласањето ќе помине со 6 гласа „за". Ја поздрави иницијативата за можноста да се отвори уште едно студентско радио. Веќе има две односно три непрофитни радија на УКИМ, Штип и во Битола. Минатата година како член на една делегација на здружението кое го претставува биле во посета на

универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип при што имале посебни разговори во врска со делот за медиумите. Тоа што го видел апсолутно го оправдува ова што сега ќе го гласаат. Објасни дека студентите тамо имаат можност практично, со конкретно работење да стекнат знаење и искуство пред сè за тоа што значи таа професија и да се врати желбата кај младите за овој вид професија за која што интересот во последните неколку години се намалува. Од тие причини повеќе од потребно е вакво радио за Универзитетот во Тетово и со задоволство ќе го поддржи.

Г-дин Ајдини рече дека и тој ја поддржува оваа иницијатива за отворање на студентско радио на општина Тетово. Со ова се исполнуваат целите од Законот, исто така се збогатува медиумскиот пејзаж во државата. Постави едно техничко прашање. Имено во документацијата е наведено дека фреквенцијата на која ќе се емитува програмата има интерференции. Праша дали оваа фреквенција е користена претходно и дали и тогаш имало интерференции.

Г-дин Трајчевски одговори дека ваков одговор е доставен од Агенцијата за електронски комуникации. Агенцијата потоа се обрати до барателот Универзитетот во Тетово со одговорот од АЕК и тие се изјасниле дека ваквите технички параметри на фреквенцијата не влијаат на нивната одлука да се продолжи понатамошната постапка за доделување на дозвола. Во врска со конкретните прашања предложи да се обратат до АЕК за да добијат соодветен одговор.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за“ (г-дин Фетаи поради судир на интереси се иззема од гласање) донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, наменет за студентската популација, на подрачјето на општина Тетово, на локално ниво, на албански и македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 107.2 MHz.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски посака ова и претходното радио да проработат да имаат успех во работата, да се заврши конкурсот и овој потенцијален проблем што го кажал г-дин Ајдини во меѓувреме да се разреши.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Дебар, објасни дека овој конкурс ќе се објави по втор пат, има сериозен заинтересиран кандидат но конкурсот е отворен за сите заинтересирани страни. Наведе дека директорот во воведот ги објаснил причините зошто конкурсот се објавува по втор пат односно поради трагичниот настан во соседна Република Албанија. Отвори дискусија.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за“ донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис,

музичко-говорно радио од општ формат, на македонски и албански јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Дебар, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 104.7 MHz.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека се надева дека овој пат ќе се пријават доволен број кандидати и конкурсот успешно ќе заврши.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД КИСС Злате ДООЕЛ Тетово. Објасни дека причината за отпочнување на оваа постапка за одземање на дозволата е смртта на сопственикот. На минатата седница Советот покрена постапка за одземање на дозволата. Објасни дека денешниот ден не е15-ти, но за да не се предизвика поголема идна финансиска штета врз овој радиодифузер, да се избегнат финансиски трошоци, бидејќи од 5-ти јануари 2020 треба да се издадат нови фактури за надоместокот за дозволата, се предлага на денешната седница да му биде одземена дозволата бидејќи и така овој радиодифузер не функционира.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за" донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ КИСС Злате ДООЕЛ Тетово, поради тоа што радиодифузерот престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на ИКТ опрема за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објасни дека се работи за набавка на опрема во два дела. Станува збор за стандардни десктоп и преносни компјутери и неколку сервери.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити, објасни дека оваа набавка е предвидена во Планот за јавни набавки во 2020 година и Финансискиот план за истата година. При крајот на 2019 година се покрена една постапка за набавка на лаптопи и десктоп компјутери, која за жал беше неуспешна. Со оваа предложена набавка ќе се опфати и таа опрема. Набавката е

поделена во два дела, набавка на персонални компјутери како и набавка на сервери за потребите на Агенцијата. Техничката спецификација е доставена на увид во материјалите која поради недостаток на време е направена за краток временски период. Но и покрај тоа смета дека ќе се успее да се набави опрема од најнова генерација. Со набавката на овие сервери АААВМУ условно кажано ќе ја тргне старата опрема која ја користи веќе 12 години.

Г-дин Петрушевски во однос на техничката спецификација рече дека има три забелешки. За набавката рече дека е отворена, има можности да се јават повеќе компании, но во техничка смисла има три предлози кои сака да се предадат на колегите од Секторот за информатичка поддршка и на директорот. Првата забелешка е во дел 1 за персонални компјутери. Во Точка 1.3 за SSD меморија пишува дека е минимум 500GB SSD. Технички секогаш е 512GB но производителите некогаш пишуваат 480GB, некогаш 500 некогаш 512GB. За да се обезбеди поголема конкуренција предложи да се напише минимум 480GB SSD со што сите понудувачи би го задоволиле овој услов и ќе се зголеми конкуренцијата. Истата оваа позиција ја има и кај серверите од Тип 3 каде пишува 480GB, што зависи од каде колегите ги гледале спецификациите. Овој предлог го дава за да не дојде до забуна бидејќи некој може да напише 480GB и само заради тоа да не може да конкурира оти ќе мора да го исфрлат ако во техничката спецификација пишува минимум 500GB. Вака ако биде минимум 480GB сите понудувачи ќе влезат во конкуренција. За преносниот компјутер има две забелешки. Наведени се 20 парчиња и се бара да има минимум 4GB меморија. Со ова од неговото искуство корисниците нема да бидат задоволни со 4GB меморија, затоа што со Windows 10 сегашната конфигурација и со антивирусно решение кое сега го има Агенцијата Kaspersky брзината нема да биде толку добра како што корисниците ќе очекуваат. Од негово искуство предложи наместо 4GB да се стави 8GB и да се направи пресметка ако тоа ја зголеми цената наместо 20 да бидат 19 или 18 парчиња. И за меморијата во овој случај е пишано 256GB SSD а дел од производителите на лаптопи и преносни компјутери пишуваат 240-256GB SSD. Заради зголемување на конкуренција наместо 256 да стои минимум 240GB SSD и сите кои ќе понудат лаптопи може да учествуваат. Тоа се трите забелешки од негова страна но на Секторот и на директорот останува да одлучат што ќе прифатат. Во секој случај рече дека ја поддржува набавката и ќе гласа за одобрување.

Г-дин Трајчевски предложи оваа набавка да се стави на гласање со прифатените забелешки од г-дин Петрушевски иако знае дека Советот не ја гласа техничката спецификација туку дава само одобрување за започнување на набавката.

Г-дин Трајчев рече дека не се согласува да се стави на гласање со забелешките затоа што Советот гласа само за утврдување на потреба а забелешките ќе си ги разгледа Секторот и може да ги прифати или не.

Г-дин Трајчевски рече дека забелешките се прифаќаат со тоа што во материјалите има една спецификација а таа што ќе биде објавена на веб страницата ќе биде коригирана со наведените забелешки.

Г-дин Трајчев рече и да се измени тоа е работа на Агенцијата додека Советот утврдува потреба.

Г-дин Петрушевски рече дека директорот и службата транспарентно работат и сакаат да се изјаснат и тоа е работа на директорот и на Секторот за информатичка

поддршка и општи работи, а раководителот на секторот веќе се изјаснил дека за него забелешките се прифатливи.

Раководителот м-р Арбен Саити потврди дека кажаните предлози за корекција за него се прифатливи.

Г-дин Петрушевски рече дека работата на Советот е да гласаат за одобрување за набавката.

Советот едногласно даде одобрение за спроведување на постапката за јавна набавка ИКТ опрема.

**Точка 7**

**Разно**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД ТВ Сител 2. Објасни дека заради финансиски потешкотии овој радиодифузер уште пред неколку месеци најавил дека ќе ја врати дозволата. Неколку пати доставувал некомплетна документација и дури во текот на вчерашниот ден достави комплетна документација. Бидејќи како што беше кажано и за една од претходните точки, за ТВ КИСС, од 5-ти јануари ќе се издадат нови фактури за 2020 година и за да не се предизвикаат дополнителни финансиски трошоци се предлага овој радиодифузер да биде избришан од регистарот.

Г-дин Петрушевски рече дека за него е прифатлив предлогот и отвори дискусија.

Г-дин Фиданоски рече заради прецизност во записникот, да се наведе дека овој радиодифузер е имател на дозвола за регионот Д2 што ги опфаќа општините Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка и Кратово.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Бр. 02-34/7**
**13.01.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**